Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
23/1997
Датум на објавување:
23.5.97

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 10 став 3 од Законот за обележување, уредување и одржување на гробиштата и гробовите на борците паднати на територијата на Република Македонија и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", број 13/96), министерот за труд и социјална политика, во согласност со министерот за надворешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА УРЕДУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ И ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА НА ГРОБИШТАТА И ГРОБОВИТЕ НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ ВО СТРАНСТВО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на уредувањето и одржувањето на гробиштата и гробовите на борците паднати во странство, собирање на податоци и водење на евиденција на истите.

## Член 2

На секој паднат борец, чие место на погребување е познато, гробот му се уредува.

Уредувањето се состои од подигнување на надгробен споменик, поставување надгробна плоча или друго спомен обележје на местото каде лежат посмртните останки на паднатиот борец.

## Член 3

Гробиштата, гробовите, спомениците или другите спомен обележја редовно се одржуваат, што подразбира:
1. одржување на писмените и други знаци и обележја на спомеником;
2. негување и обновување на зеленилото и цвеќињата;
3. одржување на оградите, пристапните патеки и другите придружни објекти на поединечните гробови и гробишта и друго.

## Член 4

По повод Денот на самостојноста на Република Македонија претставници на дипломатско-конзуларните претставништва положуваат венци и свежо цвеќе на гробовите на борците во државата и нивната акредитација.

## Член 5

Евиденцијата на гробиштата и гробовите на паднатите борци, во странство се води врз основа на расположливата документација. Евиденцијата се состои во запишување на податоци поединечно за секој гроб и спомен обележје на паднатите борци во странство, за нивната состојба, за местата каде се наоѓаат, за идентитетот на погребаните борци и околностите под кои настанала нивната смрт.

Податоци од евиденцијата од ставот 1 на овој член се доставуваат на дипломатско-конзуларните претставници на Република Македонија во државата на нивната акредитација.

## Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија‟.

Бр. 12-14/7

10 април 1997 година

Скопје

Министер

за надворешни работи,

**Љубомир Фрчковски,** с.р.

Министер

за труд и социјална политика,

**Насер Зибери,** с.р.